Рок за одговор 0001
03.06.2026

03.06

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Јавно претпријатие за комунални работи "СОЛИДАРНОСТ" Ц.О. ВИНИЦА

| Примено: | 03 06 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 579 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 673
28.05.2026 год.
ВИНИЦА

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ број 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19“ и „Сл. весник на РСМ број 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 9-та седница одржана на ден 28.05.2026 година, донесе:

## О Д Л У К А

**За давање Согласност на Одлука за утврдување на надоместоци за користење под закуп на објекти на градскиот пазар**

Член 1

Се дава Согласност на Одлуката за утврдување на надоместоци за користење под закуп на објекти на градскиот пазар, донесена од Управниот одбор на ЈП „Солидарност“ - Виница, број 02-543/4 од 20.05.2026 година, со која:

Се утврдуваат надоместоците за:

- Користење на тезги (под закуп)
- Користење на тезги на дневна основа
- Користење на деловни објекти (киосци)

Член 2

**1.Месечен закуп на тезга**
- 500 денари од 1 м. должина - месечно

**2.Дневна тезга (без Договор освен Среда пазарен ден)**
- 100 денари од 1 м. дневно

**3.Деловни објекти (киосци)**
- 4.000 денари по деловен објект
- 500 денари по м2 за деловен објект за млечни производи и јајца

Член 3

Пазарот кој е предмет на закуп се однесува на:

- Градскиот пазар во Виница
- Други комунални објекти поврзани со пазарната дејност

Член 4

Со денот на донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање Согласност на Одлуката за цени за наплата на пазарна такса, број 07-196 од 19.02.2010 година, Одлуката за давање Согласност на Одлуката за дополнување на Одлука за резервација за тезга на градскиот пазар во Виница и објавување лицитација, број 07-802 од 24.11.2011 година и Одлуката за давање Согласност на одлука за цени за наплата на пазарна такса, број 09-587 од 30.05.2018 година.

Член 5

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг Гоце Василев